Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.03.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 22 | | |

From:
> Sent: Tuesday, March 19, 2019 12:05 PM
To: ' Subject:

Почитувани,

Во врска со Вашата претставка (наш бр.03-22 од 20.02.2019 година), а в0 однос на претходно доставениот одговор (наш бр.03-13 од 11.02.2019 година), Ве известуваме за следното:

Согласно член 44 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се гарантира слободата на прием и реемитување на аудио или аудиовизуелните медиумски услуги од државите членки на Европската унија и другите европски држави потписнички на Европската конвенција за прекугранична телевизија на Советот на Европа на територијата на Република Македонија, додека во членот 45 од истиот закон детално се прецизирани причините и постапката за ограничувањето на прием и реемитување на аудио/аудиовизуелни медиумски услуги од други држави.

Покрај тоа, Ве известуваме дека на 14.01.2019 година Агенцијата, по претходно доставена претставка со слични наводи како Вашата, до Министерството за внатрешни работи– Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал испрати Информација за добиени с0знанија за пренос на програмскиот сервис „Балкан Мјузик" со која побара од нив да ги проверат доставените наводи и да испитаат дали в0 опишаните дејствија в0 претставката се содржани елементи на кривични дела.

Откако ќе добие дополнителни информации од страна на Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Агенцијата ќе преземе понатамошни активности согласно своите законски надлежности.

Со почит,

*м-р Владимир Ѓорѓиески*
*Раководител на Одделение за заштита на авторските права*

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Контакт:
Тел.: (+389) 02/3103-442
Факс: (+389) 02/3103-401
Електронска пошта: v.gjorgjieski@avmu.mk
Веб страна: www.avmu.mk
Адреса:
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

*Vladimir Gjorgjieski, LL.M*
*Head of department for fight against piracy and protection of copyright*

AGENCY FOR AUDIO AND AUDIOVISUAL MEDIA SERVICES

„Panko Brashnarov" Palace str. „Makedonija" no. 38, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia